М-р Борко Станоевски,

гувернер на Народната банка на Република Македонија
од 1986 до 1997 година
По повод дваесет години монетарна самостојност

## Создавањето на девизните резерви на Република Македонија

I.

Монетарното осамостојување на Република Македонија и пуштањето во оптек на првите македонски пари - денарите, како значаен историски чин што ја овековечи политичката независност и суверенитет на Република Македонија, што се случи пред 20 години, односно на 26 април 1992 година, се оствари според условите и постапките утврдени во елаборатот насловен како „Анализа на можностите и начинот на воведување на републички пари", којшто го завршив во почетокот на ноември 1992 година, еден месец по референдумот на 8 септември, односно малку повеќе од еден месец пред донесувањето на Уставот на Република Македонија, со кој, во членот 60, Народната банка на Република Македонија ќе се конституира како самостојна и емисиона централна банка.

Во елаборатот како еден од основните услови за обезбедување на стабилноста на идната македонска валута се назначуваат девизните резерви на Републиката и целокупниот инструментариум - закони и одлуки - врз чија основа ќе се создаде законска и трајна основа за нивно формирање, пополнување, користење и ракување. Откако елаборатот беше прифатен како добра основа за подготовките за монетарното осамостојување и пуштањето во оптек на првите македонски пари, особено од Владината комисија којашто беше формирана да го следи тој процес, Секторот за девизна политика во Народната банка, ангажирајќи ги најдобрите кадри во тој сектор ги изготви потребните проекции (за оптималното почетно ниво на девизни резерви, за платниот биланс, за отплатата на странскиот долг) и изготви нацрти на најважните закони и одлуки со кои ќе се регулира работењето на овој план.

Најсуштествено во тие проекции и закони беше следново:

- почетното оптимално ниво на девизни резерви што ќе овозможи функционирање на државата во нормални услови и одржување стабилност на новата валута е пресметано на ниво од 350 милиони долари,

- со девизните резерви ќе располага државата, односно за нивна употреба ќе одлучува Владата на Република Македонија, и
- со девизните резерви ќе ракува Народната банка, а за тоа со повремени извештаи ќе ги известува Владата и Собранието на Република Македонија.

Со девизни резерви од најмалку 350 милиони долари, во Народната банка требаше да го отплатиме надворешниот долг на Републиката, да обезбедиме редовен увоз на нафта, лекови и репроматеријали за земјоделството коешто беше целосно увозно зависно, увоз на опрема за нови инвеститори и други намени. За овие намени, според статистичките податоци за изминатите години, банките од Македонија купуваа девизи на девизниот пазар во износи од 300 до 350 милиони долари годишно. Конкретно, за 1991 година за овие намени, од девизниот пазар на Народната банка на Југославија во исклучително рестриктивни услови, банките од Македонија купија вкупно 311,5 милиони долари.

Понатаму, новата независна држава ќе има зголемени девизни потреби за ковањето монети и печатењето банкноти, други меѓународни обврски, опремувањето на сопствената војска и полиција, патувањата во странство итн.

Најпосле, што беше и најважно, пуштањето на македонските пари во оптек и монетарното и девизно осамостојување на државата се подготвуваа и требаше да се спроведат во многу лоши економски услови. Поради распаѓањето на единствениот југословенски пазар, со кој македонското стопанство беше технолошки многу тесно поврзано, производството во Републиката во 1991 година, двојно се намали, исто така и извозот, додека дефицитот на платниот биланс двојно се зголеми. Девизни приливи имаше многу малку, а целокупното менувачко работење се одвиваше целосно на улица, со посредство на улични менувачи. Прогнозите покажуваа дека такви трендови, ако не и полоши, нѐ очекуваат и во следната 1992 година. Во такви услови, единствената гаранција за одвивање нормален живот во државата можат да бидат девизните резерви со чија рационална употреба, по принципот на приоритет, ќе се надминуваат проблемите што ќе настанат.

За наша несреќа, ние толку девизни резерви немавме. Штотуку бевме почнале да ги создаваме и ги имавме во сосема мал, симболичен износ. Поради лошите економски услови во првите години на независна Македонија, нивното создавање одеше многу бавно. Тоа јасно ќе го илустрираат следниве податоци користени од публикацијата на Комитетот за монетарна политика на Европскиот парламент, под назив „Монетарна и девизна политика, банкарски систем и односи

со меѓународните финансиски системи" на централната банка на Република Македонија - Скопје, од 24.6.1996 година:

Девизни резерви на Република Македонија

(во милиони долари)

| Дата | Бруто девизни резерви | Обврски спрема ММФ | Нето девизни резерви |
|---|---|---|---|
| 01.01.1991 | 0 | 0 | 0 |
| 31.12.1991 | 3,180 | 0 | 3,180 |
| 26.04.1992 | 18,940 | 0 | 18,940 |
| 31.12.1992 | 59.771 | 11,575[1] | 48.196 |
| 31.12.1993 | 119,223 | 3,820 | 115.403 |
| 31.12.1994 | 165,396 | 20,476 | 144.920 |
| 31.12.1995 | 274,870 | 56,597 | 218,273 |
| 31.05.1996 | 262,296 | 68,780 | 193,516 |

Имајќи ги предвид овие податоци, се поставува прашањето дали проекцијата на Народната банка на Република Македонија за минималното потребно, почетно ниво на девизните резерви од 350 милиони долари беше нереално утврдено, прецeнето, или ако беше реално утврдено, а не се оствари, како се обезбеди нормално функционирање на државата во првите години од нејзиното осамостојување.

И денес, по 20 години, тврдо сум уверен дека проекцијата на минималното почетно ниво на девизни резерви од 350 милиони долари стручните служби на Народната банка, водени од надлежниот вицегувернер и директорот на Секторот за девизна политика, многу стручно и реално го утврдија, дури дека беше потценето и гарантираше нормално функционирање на државата само на краток период од една до две години. Ако е така, се наметнува вториот дел од прашањето: како обезбедивме функционирање на државата, кога на денот на монетарното осамостојување имавме само 19 милиони долари девизни резерви, од кои повеќе од 1/3 беа во сурово злато откупено од рудникот „Бучим".

Едно е сигурно. Со фактот дека со закон го утврдивме денарот како единствено платежно средство во државата, не ги решивме потребите. Со

[1] Износот од 11.575 илјади долари претставува 5,4% од обврските на СФРЈ кон ММФ по користен стенд-бај аранжман според одлука на Извршниот одбор на ММФ од 14.12.1992 година, со која се утврдуваат сукцесорите на СФРЈ. Македонија требаше да ја отплатува оваа обврска почнувајќи од 30.12.1992 година и ја исплати конечно до јуни 1996 година.

денарите, во форма на вредносни бонови, не можевме да платиме увоз на нафта, лекови, репроматеријали, опрема за нови инвестиции, или довршување на инвестициите во тек, да ги отплаќаме долговите на државата кон странство, да ги финансираме увозните потреби на штотуку формираната армија итн. Се сеќавам на еден случај што вреди да се спомене бидејќи сликовито ја прикажува состојбата во која се наоѓавме. Имено, за едно патување на претседателот на Републиката во странство, за целата делегација беа потребни 12.000 германски марки. Бидејќи ниту една банка во државата не можела да го обезбеди тој износ на девизи, набрзина Владата мораше да донесе Одлука за користење на девизни резерви, а Народната банка да ја изврши. Такви случаи во текот на 1992 година имаше многу.

Во тие услови, во 1992 година, па и во следните неколку години, „нормалното" функционирање на државата се обезбедуваше на „минимум" ниво, со повеќе политики и мерки на Владата и Народната банка на Република Македонија:

- прво, за неопределен временски период, а најмногу до постигнување нови договори, беше замрзнато отплаќањето на долговите кон сите меѓународни финансиски организации. Со тоа плаќањата кон странство во 1992 и 1993 година беа намалени за околу 200 милиони долари годишно (зависно од тоа, колкави ануитети за отплата пристигаат), што не беше предвидено како можност во проекцијата за потребното минимално ниво на девизни резерви. Таа претпоставуваше редовно отплаќање на долговите кон сите странски доверители;
- второ, до 1990 година за увоз на нафта, готови производи (житарки и особено лекови), репроматеријали и други увозни потреби. Банките од Македонија од девизниот пазар на Народната банка на Југославија купуваа во просек околу 200 милиони долари годишно. Во 1991 година, во услови на намалени потреби поради намалениот обем на индустриското производство за околу 30%, за увоз на нафта, готови производи и репроматеријали беа купени 181,5 милиони долари од девизниот пазар на Народната банка на Југославија. За 1992 година за овие намени, поради натамошниот пад на индустриското производство за уште 30%, потребните девизи за овие намени не беа поголеми од околу 130 милиони долари. До 31 март 1992 година за овие намени беа купени 28,2 милиона долари од девизниот пазар на Народната банка на Југославија, а остатокот од околу 100 милиони долари до крајот на годината сукцесивно се обезбедуваше, преку кредити на банките во Македонија од Англо -Југословенската банка во Лондон[2];

[2] Во тоа време, поради војната што се водеше на просторите на поранешна Југославија, имотот на СР Југославија (Србија и Црна Гора) во странство беше блокиран. Блокиран беше имотот и

- трето, сите други потреби од девизи се задоволуваа многу рестриктивно и по принципот на приоритет. Така, на пример, првата серија македонски денари беше печатена во државата, многу често, на краток рок, се јавуваше недостаток на некои прехранбени производи итн. Олеснителна околност за намалување на потребите од увоз на многу производи беше и фактот што во две акции стоковните резерви на Републиката беа добро пополнети. Едната акција се случи уште во втората половина на 1991 година кога вишокот на ликвидни средства на банките се искористи за пополнување на стоковните резерви со т.н. стратешки производи, а втората, непосредно пред и за време на размената на југословенските динари со македонски денари, за што поопширно ќе стане збор во понатамошниот текст.

II.

Со чинот на монетарното осамостојување на Република Македонија и конституирањето на Народната банка на Република Македонија во независна и емисиона централна банка, легално влезе во сила целокупниот механизам на закони и подзаконски акти со кои се регулира работењето со девизните резерви. Беа отворени првите сметки на Народната банка на Република Македонија кај банки во странство, а за координирање на сите работи околу работењето со девизните резерви, за првпат, во Народната банка на Република Македонија беше формирана Дирекција за девизни резерви. Полнењето на девизните резерви требаше да се остварува по две основи: менувачкото работење што го извршуваа банките во име и за сметка на Народната банка и откупот на девизите на девизниот пазар што го остваруваа извозниците со извоз на стоки и услуги. Во текот на првите години по монетарното осамостојување на Републиката приносот на девизи во девизните резерви и по двете основи беше многу мал.

Менувачкото работење поради големата разлика меѓу официјалниот курс на денарот спрема германската марка и т.н. „црн курс" што се формираше неконтролирано на улица од страна на уличните менувачи, целосно се извршуваше неконтролирано на улиците, а во банките се сведе на минимум, и тоа

---

работењето и на т.н. мешовити банки на НБЈ во странство. Англо-Југословенската банка во Лондон беше најголемата мешовита банка на НБЈ, а во неа основачки капитал имаше и „Стопанска банка" - Скопје. Во соработка со директорот на Англо-Југословенската банка, организиравме посета на Банката на Англија, на која издејствуваме Банката на Англија да го деблокира имотот и работењето на Англо-Југословенската банка во Лондон, исклучиво само за кредитирање банки и фирми од Република Македонија. За таа намена беше утврден лимит од 15%, што значеше можност за кредитирање на банките и фирми од Македонија со околу 60 милиони долари. Подоцна тој лимит беше зголемен на 18%, односно поместен на околу 72 милиона долари.

само на откуп на чекови што нашите граѓани ги добиваа по разни основи од странство или откуп на чекови од странски посетители.

Исто така, откупот на девизи од остварениот извоз на девизните фирми беше мал. Извозот од 1992 година до крајот на 1995 година се движеше од 80 до 120 милиони долари годишно и мал дел од тоа, со откуп од Народната банка, се влеваше во девизните резерви. Извозниците задржуваа голем дел од остварените девизи во странство чекајќи поповолен курс или чувајќи ги девизите за подоцнежни плаќања во странство, а многу од нив ги продаваа меѓусебно по курс што сами ќе го договореа (т.н. „штицување").

Тоа беа проблеми со чие решавање се зафативме веднаш по монетарното осамостојување. Во исто време се користеа сите можности да се остварат приливи во девизните резерви, по разни други основи. Во продолжение ќе потсетам на некои од нив.

1. Во втората половина на 1990 година и во текот на 1991 година во СФРЈ стана вообичаено републиките да не почитуваат многу сојузни прописи, или да ги суспендираат со сопствени републички прописи. На таква политика беше принудена и Република Македонија. Собранието на Република Македонија пред крајот на 1990 година го донесе Законот за мерките кои можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањето во стопанството во Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 46/90), врз основа на кој се носеа одлуки за заштита на интересите на македонското стопанство. Во средината на 1991 година, го посетив министерот за финансии и му предложив донесување на две одлуки: за организирање на менувачко работење во интерес на идните републички девизни резерви (инаку по сојузните прописи, откупените девизи врз основа на менувачко работење беа приход на девизните резерви на НБЈ) и за задолжителен откуп на 30% од девизниот прилив на извозниците (којшто исто така 100% беше приход на девизните резерви на НБЈ). Владата на Република Македонија можеше да ги донесе таквите одлуки врз основа на споменатиот закон. Министерот веднаш се сложи и предлогот му го објаснивме на премиерот, кој исто така веднаш се сложи и одлуките наскоро беа донесени. Средства за откуп на девизите обезбедивме на следниов начин: 50% од вишокот на приходите над расходите на НБРМ за првото полугодие од 1991 година и 50% од буџетот на Републиката. Бидејќи НБРМ не можеше да има девизна сметка, ја задолживме „Стопанска банка" да отвори посебна сметка на која ќе се чуваат откупените девизи. Истовремено, се договоривме НБРМ да започне со откуп на злато од рудникот „Бучим" како друга можност за создавање на идните девизни резерви на Републиката.

Приливите, поради причините објаснети погоре, по сите три основи не беа големи, но сепак монетарното осамостојување на Републиката го почнавме со 19 милиони долари. Тоа е многу, многу повеќе и подобро, отколку почеток со салдо од нула девизни резерви.

Денес, кога од голема временска дистанца се сеќавам на овие активности, сè повеќе сум уверен дека погрешивме и не бевме доволно мудри, кога во услови на висока динарска ликвидност не донесовме одлука менувачкото работење да го организираме по „црниот курс" или курс приближен на „црниот курс", а НЕ по курсот на НБЈ по кој, беше очигледно, се остваруваат мали ефекти.

2. Со завршувањето на размената на југословенските динари за македонски денари во сите три предвидени фази и со салдото на југословенски динари затечени во седишта на Службата на општествено книговодство и во трезорот на Народната банка на 25.4.1992 година, во трезорот на Народната банка на Република Македонија се собраа вкупно 23.068.528.935,00 југословенски динари. Покрај тоа, во трезорот на „Стопанска банка" имаше уште 3.620.000.000 динари.

На крајот на март 1992 година беше закажана седницата на Советот на гувернерите, на која бев поканет и јас како гувернер на НБРМ. Од најавата на дневниот ред и повеќе од телефонскиот разговор со гувернерот на НБЈ, ми беше јасно дека Советот ќе донесе заклучок со кој НБЈ ќе се прогласи за ненадлежна на територијата на Република Македонија и ќе се донесе одлука со која ќе се бара Народната банка на Македонија да ги врати банкнотите примени пред крајот на 1991 година, кога се изврши замена на југословенските динари со стар дизајн со југословенски динари со нов дизајн (по повод пуштањето хрватски пари во оптек) и банкнотите примени до денот на седницата. Севкупно, тоа изнесуваше 13.446.450.000,00 динари. Ние книговодствено не ѝ должевме на НБЈ, бидејќи во меѓувреме вративме поголем износ на југословенски динари со стар дизајн. Го посетив премиерот и откако го запознав со целата состојба, предложив да ја прифатиме Одлуката што ќе ја донесе Советот на гувернерите, односно да ги вратиме парите за кои НБЈ смета дека сме должни, а ние НБЈ да ја задолжиме со доларска противвредност, исто како што НБЈ ги задолжи централните банки на Словенија и Хрватска за невратените југословенски динари. Споменав дека сето тоа подоцна ќе се решава во процесот на сукцесијата на имотот на СФРЈ. Исто така, го изнесов моето мислење дека треба да сме коректни кон одлуките на НБЈ и поради фактот што и НБЈ беше коректна кон нас во текот на целата 1991 година и во првиот квартал на 1992 година, кога иако „неофицијално" знаеја дека Република Македонија прогласи политичка независност и суверенитет

(декларацијата за независност од јануари 1991 година, референдумот од 8.9.1991 година и Уставот на Република Македонија од 17.11.1991 година не беа тајни документи) и дека се подготвува да прогласи и монетарна самостојност, ни дозволија редовно да користиме средства од примарната емисија и купување девизи од девизните резерви на НБЈ (во 1991 година банките од Македонија купија вкупно 311,5 милиони долари и во првото тримесечје од 1992 година, 66,6 милиони долари). Исто така беше важен фактот што граничиме едни со други и имаме развиена економска соработка, па нарушувањето на меѓусебните добри односи може да има многу лоши последици. Премиерот со видлив интерес за темата стрпливо ме сослуша и на крајот се согласи со мојот предлог. Со исто образложение, истиот момент, во мое присуство (присутни беа и други членови на Владата на кои сега не се сеќавам), премиерот разговараше телефонски со претседателот на Републиката, кој исто така се согласи со нашиот заеднички став. За остатокот на југословенските динари во трезорот на НБРМ којшто ќе се утврди по завршувањето на замената на југословенските динари со денари, се договоривме да разговараме во друга прилика.

Така, на споменатата седница на Советот на гувернерите на НБЈ прифатив одлука НБРМ да врати 13.446.450.000,00 динари. Образложив дека НБРМ не е книговодствено должна да ги врати тие пари на НБЈ и дека затоа НБРМ книговодствено мора (заради затворање на книговодствените сметки во својот биланс) да ја задолжи НБЈ со тој износ, и тоа во САД-долари, коишто според курсот на НБЈ на денот на враќањето на парите во неколку транши изнесуваше 40.500.387,65 САД долари.

Уште пред почетокот на размената на југословенските динари со македонските денари беше јасно дека по извршувањето на прифатената обврска кон НБЈ, во трезорот на Народната банка на Република Македонија ќе остане значителен износ на југословенски динари. Во тие денови интензивно размислувајќи за тој проблем, дојдов до следниве заклучоци: Тие пари се легално стекнати со продажба на стоки, услуги, можеби и девизи на пазарот во Македонија. Стоките, услугите, можеби и девизите се изнесени („извезени“) во други подрачја на заедничката држава каде што тие пари беа единствено законско платежно средство. Тие претставуваат девизни резерви на Република Македонија, како што беа разните конвертибилни валути што ги сочинуваа нашите девизни резерви. Проблем беше фактот што тие пари не беа конвертибилни. Тие имаа своја вредност само во државата во која сè уште беа единствено законско платежно средство. Постоеја само две можни решенија: прво, да ѝ ги предадеме спогодбено на НБЈ, а таа да ни исплати противвредност во САД-долари, меѓутоа

таа можност беше неостварлива. НБЈ немаше ниту правна основа, ниту расположение за таква трансакција. Тие можеа да прифатат само книговодствено задолжување во САД-долари, што подоцна ќе биде елемент во сукцесијата на СФРЈ. Тоа апсолутно не ни одговараше. Нам ни беа потребни конвертибилни девизи во девизните резерви и тоа веднаш и второ, во услови на сè уште лабави граници, невоспоставени гранични и царински институции, тие пари можеа да се искористат за купување девизи од неофицијални институции, односно од уличните менувачи по „црниот" курс што тие го формираа, или за купување разни материјални добра за стоковните резерви на Републиката. Доколку тие активности се одвиваат на територијата на Републиката би било сè во ред, но ако се одвиваат надвор од границите на Републиката ќе се доведе во прашање нивниот легитимитет.

Тоа беа прашања за кои НБРМ немаше ни правна основа, ни овластување од друг орган да донесе какви било одлуки. Со проблемот и моите видувања за негово решавање го запознав премиерот. Тој свика веднаш неколку министри, меѓу кои министерот за внатрешни работи, министерот за финансии и министерот за стопанство, и во скратен состав на Владата, Владата на Република Македонија, на 25.4.1992 година, под бр. 23-1428/2, го донесе Заклучокот за начинот на користење на износот на југословенски динари коишто се повлечени од оптек, а се над износот кој Народната банка на Македонија го примила од Народната банка на Југославија.

Врз основа на тој заклучок на Владата, по завршената комплетна замена на динарите со денари, требаше да се реши употребата на остварениот вишок динари, којшто изнесуваше:

- во трезорот на „Стопанска банка" 3.620.000.000,00
- во трезорот на НБРМ 9.614.715.779,00

„Стопанска банка" уште пред почетокот на размената, за време на размената и одредено време по размената на динарите со денари, сè додека ѝ обезбедуваме банкноти со вредност од 5.000,00 динари, преку своите многубројни филијали и експозитури вршеше откуп на странски валути по слободниот курс, за сметка на Народната банка. Резултатите беа следниве:

- на 15.5.1992 година, „Стопанска банка" ѝ префрли на Народната банка на Република Македонија 2.000.000 германски марки, откупени по просечен курс од 590 денари за 1 германска марка; и

- на 18.6.1992 година „Стопанска банка" депонира во трезорот на Народната банка на Македонија ефективни странски пари во вредност од 4.000.000 германски марки, откупени по просечен курс од 610 денари за 1 германска марка.

Со тоа активностите на „Стопанска банка" завршија.

Со споменатиот заклучок на Владата, Владата определи претставник којшто ќе ги организира активностите околу употребата на вишокот динари во трезорот на НБРМ, а НБРМ формира комисија од девет члена, со која раководеше заменикот на гувернерот и чијашто задача беше да врши примопредавање на динарите за откупените девизи и материјали. Активностите завршија за околу еден и половина месец, со следниве ефекти:

- за 4.186.619.000,00 динари се откупени ефективни странски пари во вредност од 5.537.937,00 германски марки, по просечен курс од 756,00 денари за 1 германска марка,
- за 5.295.445.146,00 динари се купени разни производи, и тоа: за 1.416.922.880,00 динари - прехранбени производи (брашно, сол, шеќер, пченка путер, кафе и др.) и за 3.878.522.266,00 динари - индустриски стоки (земјоделска механизација, товарни и лесни возила).

Ефективните странски пари се уплатени во девизните резерви, а материјалните добра се предадени на стоковните резерви на Републиката. Според координаторот на овие активности, тие главно се остварени на територијата на Републиката, но во трансакции во кои учествувале странски лица.

Така, во девизните резерви на Републиката беше остварен прилив од 11.537.937,00 германски марки, а со пополнувањето на стоковните резерви е намален притисокот врз девизните резерви за увоз на одредени производи.

3. Во средината на 1992 година, на негово барање, го примив сопственикот на една финансиска агенција од Њујорк, американски државјанин со хрватско потекло. Ми изнесе многу интересен предлог - Република Македонија да искористи дел од своите девизни резерви за откуп на своите долгови од комерцијалните банки, коишто во тој момент беа многу евтини - околу 20 центи за 1 долар. Разговорот го завршивме со мое ветување дека темелно ќе го испитам проблемот, ќе видам дали е прифатлив за Владата на Републиката и доколку се одлучиме за таква акција, дека тој ќе биде еден од ангажираните агенти, бидејќи веќе поседува извесен број заклучници од македонскиот долг.

По подолг разговор со премиерот на експертската Влада, тој се согласи со предлогот и Владата донесе одлука за користење на 6 милиони долари од девизните резерви за откуп на заклучници исклучиво од македонскиот долг кон комерцијалните банки (бр. 23-2656/1 од 1.9.1992 година). Следната Влада донесе уште две одлуки (бр. 23-62/4 од 7.11.1994 година и строго доверлива одлука бр. 31/1 од 10.6.1996 година), со кои износот од девизните резерви за оваа намена беше зголемен, прво на 16, а потоа на 30 милиони САД-долари. Последната одлука се донесе како строго доверлива, поради тоа што бевме во аранжман со Меѓународниот монетарен фонд и не знаевме како ќе реагира на овие активности.

Во остварувањето на откупот, којшто со третата одлука на Владата беше проширен и на откуп на заклучници од долгот кон комерцијалните банки на сите поранешни југословенски републики, освен за заклучници на Босна и Херцеговина, беа ангажирани три агенции, меѓу кои и агенцијата од Њујорк со која започна целата работа. Во Народната банка на Македонија, директорот на Секторот за девизна политика лично беше задолжен со целокупната работа околу следењето на извршувањето на договорите со ангажираните агенти, проверката на сите пресметки, плаќања и наплати, како најстручен во таа област.

Финансиските пазари се многу чувствителни на понудата и побарувачката за одредени хартии за вредност. По побарувачката на заклучниците од агентите што бевме ги ангажирале, цената на заклучниците од кредитите од комерцијалните банки во рок од три години се зголеми и во средината на 1996 година достигна до 70 центи за 1 долар. Натамошното купување не беше економски оправдано, напротив нивната итна продажба беше исплатлива.

Во меѓувреме, активностите на НБРМ околу откупот на странскиот долг беа забележани во ММФ. Шефот на Мисијата на ММФ во една посета во пролетта 1996 година ми укажа на тоа, понатаму дека тоа ММФ не го одобрува бидејќи доверителите на ММФ сметаат дека со нивни пари, дадени преку аранжманот со ММФ, македонските власти ги откупуваа своите долгови наместо да ги отплатуваат. Ми сугерираше да престанеме со откупот, а откупените заклучници да ги продадеме. Во спротивно, ми нагласи, дека тоа барање ќе мора да го вгради во аранжманот како таргет за извршување.

Тогаш, ја известив Владата за сите новонастанати околности и побарав да донесе Одлука за продажба на купените заклучници. Владата донесе таква одлука под строго доверлив број 31/1 од 10.6.2996 година. Доверливоста на одлуката беше потребна за да не падне цената на заклучниците на финансиските пазари.

Продажбата на заклучниците беше извршена преку два агенти што дадоа најповолни понуди. Не впуштајќи се во други поединости, коишто би одзеле многу простор, ќе ги презентирам само конечните резултати:

| | Износи во САД-долари |
|---|---|
| - Износ на номиналната вредност на откупените заклучници | 81.917.208,05 |
| - Износ остварен со продажба на заклучниците | 53.857.612,47 |
| - Износ исплатен од девизните резерви за откуп на заклучници | 28.881.075,28 |
| остварена позитивна разлика | 24.976.537,19 |

Приходите остварени од оваа трансакција од околу 25 милиони САД-долари беа искажани во девизните резерви на Републиката 1996 и 1997 година.

4. Натамошните мерки за зголемување на приливите во девизните резерви, што дадоа резултати во втората половина на 1993 година и годините потоа, беа од системски карактер.

Бргу дојдовме до сознание дека презомениот монетарен систем од СФРЈ има многу фабрички грешки. Во услови на изразито рестриктивна монетарна политика, како единствена мерка во битката со наследената хиперинфлација, малиот износ на примарни пари недостигаше за да се задоволат големите барања за т.н. селективни кредити, а речиси не остануваше ништо за откуп на девизи. Веднаш пристапивме кон реформи во монетарниот систем, ги укинавме селективните кредити и со тоа овозможивме целиот годишен износ на примарни пари да се насочи на девизниот пазар за купување девизи. Резултатите беа видливи, особено во 1994 година и годините потоа, но тешко е да се измерат.

Во девизниот сектор мерките беа насочени кон формирање и јакнење на девизниот пазар, легализирање на менувачниците, ангажирање голем број на менувачници да работат за Народната банка, подобрување на финансиската дисциплина и други мерки, коишто со промената на курсот на денарот, во 1994 година и годините потоа, почнаа да даваат исто така видливи резултати во сѐ поголемиот раст на девизните резерви, иако и издатоците од девизните резерви сѐ повеќе се зголемуваа.

Најпосле, со воспоставувањето на членство и постигнувањето на повеќе аранжмани со меѓународните финансиски организации, пред сè со ММФ и Светската банка, бруто девизните резерви растеа со побрза динамика.

Породилните маки во создавањето на девизните резерви на Републиката до крајот на 1995 година дефинитивно беа преболени.

Скопје, 26 април 2012 година.